# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

| | |
|---|---|
| Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба | **Број 14, година XLIII** **Понеделник, 03.12.2012** Битола |
| **www.bitola.gov.mk** | **e-mail:bitola@t-home.mk** |


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2011/12 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2011/12 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 51 од Законот за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 65/04) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2011/12 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2011/12 година, предложен од Управниот одбор на Установата.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2012/13 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишната програма за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2012/13 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 51 од Законот за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 65/04) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Годишната програма за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2012/13 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2012/13 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување критериуми за прием на деца во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување критериуми за прием на деца во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 45 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 170/2010) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за утврдување критериуми за прием на деца во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката за утврдување критериуми за прием на деца во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола, бр. 02-163/10 од 30.05.2012 година, донесена на седницата на Управниот одбор на Установата одржана на 30.05.2012 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2011/12 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2011/12 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 51 од Законот за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 65/04) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2011/12 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2011/12 година, предложен од Управниот одбор на Установата.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2012/13 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишната програма за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2012/13 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 51 од Законот за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 65/04) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Годишната програма за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2012/13 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работата на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски цвет“ Битола за 2012/13 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување критериуми за прием на деца во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување критериуми за прием на деца во Јавната општинска установа за деца-детска градинка

„Мајски Цвет“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 45 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 170/2010) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за утврдување критериуми за прием на деца во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката за утврдување критериуми за прием на деца во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола, бр. 02-249/10 од 28.09.2012 година, донесена на седницата на Управниот одбор на Установата одржана на 28.09.2012 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2012 година.

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на 61/04 и 156/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2012 година.**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2012 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-31/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештај за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубови, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општина Битола за 2011 г.**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештај за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубови, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општина Битола за 2011 г., донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубови, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општина Битола за 2011 г.**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубови, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општина Битола за 2011 г.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-31/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за неприфаќање Информацијата за спроведените активности на Сојузот на спортови - Битола со финансов извештај за 2011 година**

1. Го објавувам Заклучокот за неприфаќање Информацијата за спроведените

активности на Сојузот на спортови – Битола со финансов извештај за 2011 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Битола м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за неприфаќање Информацијата за спроведените активности на Сојузот на спортови - Битола со финансов извештај за 2011 година

1. НЕ СЕ ПРИФАЌА Информацијата за спроведените активности на Сојузот на спортови – Битола со финансов извештај за 2011 година.

2. Сојузот на спортови Битола потребно е да достави извештај во кој ќе наведи кои активности во текот на 2011 година се финансирани од добиените средства од Буџетот на Општината Битола и во кој износ.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-31/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информација за состојбата со ХИВ / сидата во Република Македонија за периодот 1987-2012 г., со осврт на сосотојбата на подрачјето на Општината Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информација за состојбата со ХИВ / сидата во Република Македонија за периодот 1987-2012 г., со осврт на сосотојбата на подрачјето на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Битола м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информација за состојбата со ХИВ / сидата во Република Македонија за периодот 1987-2012 г., со осврт на сосотојбата на подрачјето на Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Информација за состојбата со ХИВ / сидата во Република Македонија за периодот 1987-2012 г., со осврт на сосотојбата на подрачјето на Општината Битола

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-31/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за развојни планови во Општината Битола за периодот од 2013 до 2014 година

1. Ја објавувам Програмата за развојни планови во Општината Битола за периодот од 2013 до 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-2064/11
03.12.2012 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05), а во врска со член 21 и чл.29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/05, 4/08 и 103/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 29.11.2012 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## за РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ во Општина Битола за периодот од 2013 до 2014 год.

Со оваа Програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата започнува со реализација во 2013 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализирање во наредните 2 години, поточно заклучно со 2014година. Планираните средства на оваа двегодишна развојна програма изнесуваат **95.803.555,25 денари**. (Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **61.462.824,24 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2013 год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **34.340.731,00 денари** ќе се определени од буџетот на Општина Битола за 2014год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1

Расходите за реконструкција и изградба на улици, канализација-колекторскиот систем, реконструкцијата на мостот и изградбата на киното ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на општината и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1 )

Динамиката на реализацијата, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

### 1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2013 до 2015 г. и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 07-31/13
29.11.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ
## НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ ОД 2013 ДО 2014 година

| Ред бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2013 во ден | Износ за 2014 во ден |
|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | Изградба и реконструкција на улици и локални патишта | | |
| 1 | | JDL | Реконструкција на магистрални улици ул.Булевар 1-ви Мај,ул.Довлеџик како дел од регионален пат Р-106, I фаза | 11.904.485,24 | 10.000.000,00 |
| | J2 | | Одведување и пречистување на отпадни води | | |
| 2 | | J2I | Одведување и пречистување на отпадни води во згради БЛР1 | 4.558.339,00 | 3.000.000,00 |
| | КА | | Културно творештво и манифестации (капитални трошоци) | | |
| 3 | | КАО | Изградба на кино Манаки | 20.000.000,00 | 10.000.000,00 |
| | ЕА | | Капитални трошоци | | |
| 4 | | | Реконструкција со доградба на „Црн мост“-Битола со санација на обемните ѕидови | 25.000.000,00 | 11.340,731,00 |
| | | | Вкупно по години: | 61.462.824,24 | 34.340.731,00 |
| | | | Се вкупно: | 95.803.555,24 | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2012 година

1. Ја објавувам Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2012 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), а во врска со член 83 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.17/11), Советот на Општина Битола, на седницата одржана на ден 29.11.2012 година донесе

## ПРОГРАМА
## за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2012 година

1. Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2012 година („Службен гласник на Општината Битола“ бр.18/2011) се врши следната измена и дополнување:

Во главата Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и степенот на уреденост на градежното земјиште

1. ГРАДСКИ РЕОН после износот од 6.000 ден. во нов ред се додава:

„Сите објекти во Индустриската зона „Жабени“ Битола ќе се пресметуваат со коефициенти согласно моментално важечкиот Правилник за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на градежното земјиште од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште во износ од 3.150,оо ден./м$^2$.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2012 г. бр. 07-06/9 од 15.03.2012 г.

3. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 12, став 2 од Законот за комуналните дејности ( „Сл. весник на РМ“ бр. 95/12), член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Битола

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Одлука се уредуваат односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу давателите и корисниците на услугите на подрачјето на Општина Битола и мерките за нејзино спроведување.

### Член 2

Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира: уредување на населените места и поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу давателите на услугите и корисниците на услугите во следните комунални дејности:

1. Снабдување со вода за пиење;
2. Одведување и испуштање на фекални и атмосферски води;
3. Управување со комунален отпад и други видови на неопасен отпад;
4. Депонирање на индустриски неопасен отпад;
5. Постапување со инертен отпад;
6. Одржување на јавна чистота;
7. Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини;
8. Одржување на локални патишта и улици, улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење;
9. Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги;
10. Одржување на јавно осветлување;
11. Прекоп на јавни површини и одржување и користење на јавен простор за паркирање;
12. Одржување и користење на пазари;
13. Вршење на оџачарски услуги;
14. Одржување на комунални уреди;
15. Отстранување и чување на непрописно паркирани возила и хаварисани возила;
16. Уловување, згрижување и ерадикација на животните - скитници;
17. Украсување на населените места;
18. Одржување на јавни санитарни јазли;
19. Аерозапрашување, дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
20. Отстранување и чување на ситна и крупна стока, живина и пчелни семејства во урбани средини;
21. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни површини;

### Член 3

Јавни површини во смисла на оваа Одлука се:

– јавни сообраќајни површини (улици, коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, надвозници, подвозници, скалила што поврзуваат јавни сообраќајни површини, мостови, такси стојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз и слични површини);

– јавни зелени површини (паркови, парк-шуми, дрвореди, живи огради, тревници, цветници, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените објекти и покрај јавните објекти, спортско рекреативните површини и други слични површини) и

– останати јавни површини се јавни површини во кои не спаѓаат елементите на патот или улицата и не претставуваат јавни

зелени површини, а за кои е предвидено озеленување.

Одредбите на оваа Одлука се однесуваат и на други површини определени со оваа одлука.

**Член 4**

Комуналните дејности од член 2 на оваа Одлука можат да ги вршат јавните претпријатија основани од општина Битола, како и други домашни и странски физички и правни лица кои се регистрирани за вршење на соодветната комунална дејност и поседуваат дозвола издадена од надлежен орган (во понатамошниот текст: даватели на услуги).

Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

Корисници на услугите во смисла на оваа Одлука се сите домашни и странски физички и правни лица кои ги користат услугите, објектите, опремата и површините во сферата на комуналните дејности на подрачјето на општина Битола.

Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите од оваа Одлука заради непречено и функционално вршење на овие дејности кои се од јавен интерес.

## II. УРЕДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

**Член 5**

Населените места треба да бидат уредени.

Под уредување на населените места се подразбира уредување на јавните сообраќајни и јавните зелени површини и други останати јавни површини, надворешните делови на станбените и деловните објекти, излозите, начинот на поставување на реклами, натписи и паноа, поставувањето на огради, комунални објекти и друга комунална опрема, како и уредување на други површини во функција на поставување на објекти.

**Член 6**

Надворешните делови на станбените и деловните објекти (фасади, тераси, балкони, влезни врати, прозорци и друго) треба да бидат уредни и чисти, а видливите оштетувања мораат да бидат поправени.

Станбените и деловните објекти кои со својот изглед ( поради оштетувања или дотраеност на надворешните делови ) го нагрдуваат општиот изглед на улицата или населбата треба да се уредат.

Забрането е уништување на надворешните делови на станбените и деловните објекти, со испишување на пораки, ставање на соопштенија, цртање, шарање или нагрдување и валкање на друг начин.

**Член 7**

На прозорците, балконите, терасите, оградите и другите делови кои им припаѓаат на станбените и деловните објекти, а кои се позиционирани наспроти амбиентална улица или плоштад, забрането е прикачување или изложување на облека, постелнина, теписи и други предмети.

На прозорците, балконите, оградите и други делови од станбените и деловните објекти, по правило се чува цвеќе и украсни билки, на начин што не ја загрозуваат безбедноста.

**Член 8**

Сопствениците, односно корисниците на станбени и деловни објекти, кон кои што припаѓаат огради кои се наоѓаат покрај јавни површини, се должни оградите да ги одржуваат во исправна состојба и во состојба во која што не претставуваат пречка или опасност за нормалното движење.

Живите огради кои се наоѓаат покрај јавни сообраќајни површини задолжително редовно се одржуваат и најмалку три пати годишно се поткаструваат, така што со своите гранки не ја преоѓаат регулационата линија на јавните сообраќајни површини и не го попречуваат сообраќајот.

**Член 9**

Дворовите, градините, овоштарниците, лозјата, ливадите и други слични површини кои се наоѓаат пред станбените и деловните објекти и неизграденото градежно земјиште

кое се наоѓа покрај јавните површини, сопствениците, односно корисниците треба да ги одржуваат во уредена состојба, која со својот изглед естетски не го нарушува околниот простор.

**Член 10**

Јавните површини кои се наменети за рекреативни активности, спортските објекти наменети за деца и возрасни и другите уреди, треба да се одржуваат во уредна состојба, исправни и функционални во согласност со нивната намена.

На површините, објектите и уредите од став 1 на овој член, на видно место треба да бидат истакнати одредби за одржување на редот, чистотата, заштитата на јавното зеленило и друго.

**Член 11**

Јавните сообраќајни површини и главните патишта на јавните зелени површини треба да имаат јавно осветлување.

Јавното осветлување треба да биде изведено на начин што води сметка за значењето на одредени делови од населените места и одредени јавни површини, сообраќајот и потребите на граѓаните.

Светилките кои се во функција на јавното осветлување треба да бидат функционални и естетски обликувани.

Јавното осветлување треба редовно да се одржува во функционално исправна состојба.

Јавното осветлување, по правило, треба да свети во текот на целата ноќ.

Спомениците на културата, по правило треба да бидат осветлени.

**Член 12**

На подрачјето на општина Битола се градат и поставуваат водоскоци, фонтани и други слични украсни објекти на места кои со својот изглед ја разубавуваат околината.

Водоскоците, фонтаните и другите слични украсни објекти, треба да бидат во исправна и уредна состојба.

**Член 13**

Јавните паркиралишта треба да се одржуваат во чиста и уредна состојба. На јавните паркиралишта треба да се одржува ред.

**Член 14**

Излозите и другите слични простори кои служат за изложување на стоки, треба да бидат технички и естетски обликувани, соодветно осветлени и во согласност со општиот изглед на околината.

Излозите треба редовно да се уредуваат, чистат и перат.

Во излозите не смее да се чува амбалажа или да се складираат стоки.

Разните натписи, реклами, соопштенија и слично кои се поставуваат на самите излози потребно е да бидат естетски обликувани.

**Член 15**

На објектите, земјиштето и други простори на подрачјето на општина Битола можат да се поставуваат билборди, паноа, јарболи за знамиња, патокази кои не се сметаат за сообраќајни знаци и други рекламни конструкции и други објекти кои служат за рекламирање и информирање, по претходно издадено одобрение за нивно поставување од страна на надлежен орган на општината.

Рекламните конструкции и објекти од ставот 1 на овој член треба да се одржуваат чисти, уредни и во исправна состојба, а дотраените треба да се отстранат, односно обноват или заменат.

## III. УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

### 1. Снабдување со вода за пиење

**Член 16**

Новите корисници на услугите може да бидат приклучени на постојниот јавен водовод доколку ги исполнуваат условите утврдени со важечките прописи и техничките нормативи со кои се обезбедува непречена испорака на квалитетна вода во договорена количина, проток, континуитет и безбедност на луѓето и објектите.

**Член 17**

Новите корисници на услугите ќе бидат приклучени на јавниот водовод само ако водоводната инсталација во нивните објек-

ти е изградена според важечките прописи и техничките нормативи.

**Член 18**

Со согласноста за водоводен приклучок се определуваат условите и начинот на приклучување на корисниците на јавниот водовод.

**Член 19**

Давателот на услугите е должен во рок од 8 дена сметано од денот на поднесувањето на барањето за приклучок да се произнесе по барањето за добивање на согласност за водоводен приклучок.

**Член 20**

Чистењето, монтирањето и демонтирањето на водомерите се врши од овластено лице на давателот на услуги.

При оштетување на водоводната мрежа давателот на услугите е должен да ги преземе потребните мерки за отстранување на оштетувањата.

**Член 21**

Во случај на планирани прекини во водоснабдувањето, давателот на услугите е должен преку средствата за јавно информирање да ги извести корисниците на услугите за времетраењето на прекинот.

**Член 22**

Корисникот на услугите е должен веднаш да го извести давателот на услугите за секаков дефект што ќе настане на водоснабдителниот систем. По добивањето на известувањето давателот на услугите веднаш, а најдоцна за 6 часа е должен да преземе мерки за отстранување на дефектот.

**Член 23**

Користењето на водата од противпожарните и уличните хидранти е исклучиво наменски.

Доколку физички или правни лица користат вода од противпожарните и уличните хидранти ненаменски, истите се исклучуваат од понатамошно користење на водата од хидрантите и ќе ги сносат трошоците за враќање во првобитна состојба.

**Член 24**

До колку дојде до преместување на водоводната мрежа и приклучоци поради спроведување на урбанистички план, како и за доградба на подземни инсталации, сообраќајници и други објекти, трошоците ќе ги сноси инвеститорот на објектот за чии потреби се врши преместувањето.

**2. Одведување и испуштање на фекални и атмосферски води**

**Член 25**

Давателот на услугата е должен:

– трајно и непрекинато да обезбеди одведување на фекалните и атмосферските води од урбаните површини преку изградената фекална и атмосферска канализациона мрежа;

– да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната фекална и атмосферска канализациона мрежа, а посебно да врши редовно прочистување и да врши поправка на оштетените придружни објекти на фекалната и атмосферската канализациона мрежа и двапати годишно да врши чистење на сливниците;

– да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и водотеци во градежниот опфат на градот и населените места;

– да ги исполнат обврските определени согласно Законот за водите;

**3. Управување со комунален отпад и други видови на неопасен отпад**

**Член 26**

Отпадот од објектите за индивидуално домување се собира во специјализирани садови за отпад – канти.

Отпадот од објектите за колективно домување (згради) и јавните објекти се собира во посебни садови за отпад – контејнери.

**Член 27**

Зградите од кои отпадот од домаќинствата се става во контејнери мораат да имаат одреден простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број за да ги задоволи потребите на домаќинствата.

Бројот и видот на садовите за отпад и местото за нивно поставување за секоја поодделна зграда го одредува давателот на услугата кој е овластен за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 28**

Собирачот на отпадот е должен контејнерите да ги одржува во исправна состојба, како и во состојба во која не можат да генерираат здравствени хазарди.

Местата околу садовите за отпад од објектите за колективно домување и јавните објекти мора да бидат во чиста и уредна состојба, за што е должен да се грижи собирачот на отпадот, додека за местата околу садовите за отпад од објектите за индивидуално домување должен е да се грижи корисникот на услугата.

**Член 29**

Создавачите на отпад должни се отпадот да го ставаат во садовите за отпад без истиот да се растура или валка просторот околу садот.

Кантите и контејнерите за отпад мораат да бидат затворени.

При ставањето на отпадот од домаќинствата создавачот на отпадот е должен волуменски да го намали отпадот.

**Член 30**

Отпадот од објектите за индивидуално домување организирано се одвезува најмалку еднаш неделно, додека од објектите за колективно домување најмалку двапати неделно.

Габаритниот отпад (како делови од автомобили, бела техника, метална амбалажа, делови од мебел, душеци, дрвена амбалажа, пластични гајби, автомобилски гуми и слично) ќе се собира од страна на давателот на услугата најмалку четири пати годишно.

**Член 31**

Собирачот на отпадот е должен при собирањето и транспортот на отпадот да внимава отпадот да не се растура и да не се оштетуваат и валкаат садовите и местата околу садовите за отпад.

Ако при утовар и истовар во возилото дојде до растурање на отпадот, собирачот на отпадот е должен истиот веднаш да го собере и исчисти, а садовите да ги врати на местото определено за нив и да ги затвори капаците на кантите и контејнерите.

**Член 32**

Се забранува:

1. Фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад или специјалните вреќи за отпад;

2. Фрлање и складирање во контејнерите и кантите за отпад на отпадоци кои не се сметаат за комунален отпад или други видови неопасен отпад;

3. Фрлање во контејнерите жар и други запалени материјали, вода, киселина, моторни и разни други масла и други штетни и опасни материи;

4. Поставување и преместување на контејнерите и корпите за отпадоци на други места, од местата определени од давателот на услугата;

5. Пребарување и изнесување на отпад од корпите, кантите и контејнерите од страна на физички лица и други неовластени лица;

6. Палење на отпадот во корпите, кантите и контејнерите;

7. Собирањето и транспортирањето на отпад со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;

8. Постапување со отпадот на начин кој доведува до нагрдување на објектите и просторот;

9. Истурање и фрлање на отпад во канализационите и во другите инфраструктурни системи и објекти;

10. Создавачите на отпад од објектите за индивидуално домување, отпадот да го депонираат во контејнерите наменети за јавните објекти или објектите за колективно домување.

11. Оневозможување на пристап на возилото за подигање и транспортирање на отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

**4. Управување со индустриски неопасен отпад**

**Член 33**

Забрането е:

– предавање на индустрискиот отпад на правно или физичко лице кое не поседува дозвола за собирање и транспортирање на отпад согласно закон;

– истурање или фрлање на индустрискиот неопасен отпад во водите, почвата, во садови кои не се предвидени за собирање на таков вид отпад, во канализационите и другите инфраструктурни системи и објекти;

– собирањето и транспортирањето на индустриски неопасен отпад со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;

Со индустрискиот неопасен отпад се постапува согласно соодветните прописи кои го уредуваат постапувањето со истиот.

**5. Постапување со инертен отпад**

**Член 34**

Се забранува транспортирањето на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се врши со несоодветни транспортни возила што би предизвикало истурање или протекување на отпадот на јавните површини.

Забрането е оставање, односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи на јавните површини или неизградено градежно земјиште.

Создавачот на инертен отпад е должен самиот да го собира и да го транспортира на места определени од Советот на општината или да го предаде на овластени правни или физички лица кои собираат инертен отпад.

**6. Одржување на јавна чистота**

**Член 35**

За истовар, оставање или утовар на градежен материјал, подигање на скеле и поправка на фасадите на станбените и деловните објекти како и за слични градежни работи може повремено да се користат јавните површини или неизграденото градежно земјиште сопственост на Република Македонија само со одобрение издадено од градоначалникот на општина Битола.

Во одобрението од претходниот став треба да се утврдат условите и начинот на истовар, утовар, или оставање на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето на истовар, утовар или оставањето на градежниот материјал и надоместокот за користење на јавните површини.

При извршувањето на работите од став 1 на овој член пред нивното започнување мора да се обезбеди проодноста на тротоарите и улиците, а јавните површини кои се зафаќаат со градежни дејствија мора да се оградат со ограда која треба прописно да се означи и осветли. Градежниот материјал што ќе се користи мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

**Член 36**

Изведувачот на градежните работи мора да превземе мерки кои ќе оневозможат растурање на земја по јавните површини при ископот на темели и слично.

Тротоарите и другите пешачки премини пред градилиштето треба да бидат обезбедени од страна на градителот со хоризонтални и вертикални заштитници.

По завршувањето на градежните работи или ако градежните работи од било кои причини бидат запрени на подолго време, изведувачот на градежните работи должен е да ги отстрани скелињата и другиот градежен материјал од јавните површини или неизграденото градежно земјиште и истите да ги доведе во првобитна состојба.

**Член 37**

Во текот на извршувањето на градежните работи изведувачот е должен:

– да ја чисти јавната површина околу градилиштето од секаков вид градежен и друг материјал, кал и слично кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршењето на неговата дејност;

– при рушење на градежни објекти изведувачот на работите е должен материјалот што се руши да го полева со вода заради спречување на ширење на прашина и аеросоли

– сливниците за атмосферските води во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да ги чисти;

– да го транспортира градежниот материјал до и од градилиштето на начин што нема да го попречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и да го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

**Член 38**

Покрај дрворедите не смее да се остава песок, чакал или друг градежен материјал.

**7. Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини**

**Член 39**

Под одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока ветација и слично на подрачјето на општина Битола.

**Член 40**

Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини кои согласно усвоените урбанистички планови им служат на граѓаните за одмор и рекреација.

Одржувањето и управувањето на парковите е дејност што ја врши давателот на услугата на кого му е доверено извршувањето на работите од страна на Општината.

Одржувањето, уредувањето и користењето на парковите се врши врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на општина Битола, а на предлог на давателот на услугата на кого му е доверено одржувањето и управувањето со парковите.

**Член 41**

Давателот на услугата е должен да ги одржува и уредува парковите согласно годишната програма донесена од страна на Советот на општина Битола, а особено:

– хортикултурно да ги уредува површините во просторот на парковите;

– редовно да ја одржува јавната чистота во парковите;

– редовно да ги одржува патеките и просторот наменет за шеталишта;

– да ги одржува во исправна состојба клупите за седење;

– редовно засадување, обработување и наводнување на зелените површини;

– да постави корпи за отпадоци и друга урбана опрема и редовно да ги одржува;

– редовно кастрење на ниските гранки заради безбедно и непречено движење по парковите.

**Член 42**

Под зеленило во смисла на оваа Одлука се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрвореди (во натамошниот текст: зелени површини).

Под јавни зелени површини во смисла на оваа Одлука се подразбираат зелените површини покрај улиците, плоштадите, културно-историските споменици, јавните паркиралишта, рекреативните површини, детските игралишта, спортските терени, гробиштата и дворните места на јавните објекти.

**Член 43**

Одржувањето на зелените површини опфаќа:

– подигање, садење, одгледување и обновување на зелените површини;

– заштита на зелените површини од оштетувања, болести и штетници;

– чистење на озеленетите површини и

– одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.

**Член 44**

Одржувањето на јавните зелени површини го врши давателот на услугата врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на општина Битола.

Годишната програма треба да содржи: планирање на начинот и мерките за одржување на истите, видовите на зеленило, поставување и видот на урбаната опрема и други работи на одржување, како и трошоците за извршување на овие работи и начинот на финансирање.

**Член 45**

Парк-шума во смисла на оваа Одлука е подрачје со посебно природни карактеристики кое се одликува со своевиден панорамски изглед и особено природна убавина настаната на природен начин, односно тоа се делови од просторот кои со своите географски особености и творбите на човекот се истакнуваат од другата околина и имаат рекреативно, историско, естетско, културно или научно значење.

Парк-шумите се прогласуваат со посебна одлука од Советот на општината.

**Член 46**

Одржувањето и управувањето со паркшумите го врши давателот на услугата на кого му е доверено извршувањето на работите од страна на општината.

Овластениот субјект на кого му е доверено правото да управува со парк - шумата е должен да презема соодветни мерки (шумски ред) со цел да се обезбеди периодично подмладување и заштита на шумите од појава на пожари и ширење на штетни инсекти и растителни болести, штетното дејство на ветерот, снегот и другите елементарни непогоди и заштита на шумското земјиште за што донесува посебен правилник за кој согласност дава Советот на општина Битола.

**Член 47**

Под рекреативни површини на подрачјето на Општината се подразбираат определени простори на подрачјето на општина Битола кои од страна на граѓаните се користат за одмор и рекреација (посебни подрачја од ридско - планинските предели, полските предели, месности околу верски објекти, историски споменици, крајбрежја покрај реките, акумулационите езера и слично).

Одржувањето и уредувањето на рекреативните површини Општината може да го довери на јавното претпријатие за комунални дејности, здруженија на граѓани, спортско-рекреативни и еколошки друштва, месни заедници и др.

**Член 48**

Сечење и копање на дрвја, грмушки и живи огради во зелените површини може да се врши заради нивно редовно одржување, ако се суви, нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако пречат на подземните и надземните инсталации, кога се оштетени од елементарни непогоди, заради изградба на инвестициони објекти или поради реконструкција на зелените површини.

За сите дејствија и работи од претходниот став потребно е да се има одобрение од надлежниот орган на општината.

Одобрението од претходниот став на овој член особено треба да содржи рок во кој треба работите да се завршат како и рок во кој зелените површини треба да се исчистат од сметот настанат при извршувањето на работите.

Трошоците за извршување на сите работи утврдени во ставот 1 на овој член се на товар на инвеститорот, односно изведувачот на работите.

**Член 49**

Во парковите, јавните зелени површини, парк - шумите и рекреативните површини забрането е:

– корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;

– било какво оштетување на зеленилото (соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, откорнување на цветни и тревни посеви и слично);

– собирање на плодови и цветови од дрвјата;

– копање и изнесување на земја, копање на канали, вршење на прекопи и слично без одобрение од надлежен орган на општината;

– фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото определено за таа намена;

– истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично;

– чување и напасување на добиток и живина;

– закачување, ковање и потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати на дрвјата;

– уништување и оштетување објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично;

– минување, запирање, паркирање и оставање на било кој вид возила и нивно миење;

– кршење, оштетување или уништување на корпите за отпадоци, на чешмите, канделабрите и на други уреди и објекти;

– изведување на било какви други работи кои доведуваат до уништување на зеленилото;

– пуштање на отпадни води, киселини, моторно масло и секаква друга материја што предизвикува загадување;

– истоварување, оставање и складирање на различен материјал (огревно дрво, јаглен, отпадно дрво, железо, лим и слично);

– фрлање на отпадоци и други предмети;

– газење по затревнатите површини во парковите;

– неовластено косење на тревата во парковите и другите зелени површини;

– кубење и кинење на цвеќе;

– палење на оган;

– поставување на разни предмети на стеблата и гранките (светилки, носачи на жичани водови, орманчиња, скали и слично);

## 8. Одржување на локални патишта и улици, улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење

### Член 50

Под одржување на локални патишта и улици, улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење во смисла на оваа Одлука се подразбира редовно одржување на локалните патишта и улици, вертикалната и хоризонталната сигнализација и другите инфраструктурни објекти на локалните патишта и улици на подрачјето на општина Битола (семафори, сообраќајни знаци, патокази, оградите на мостовите, надвозниците и слично) како и одржување во зимски услови на локалните патишта и улици.

### Член 51

Работи за редовно одржување на локалните патишта и улици, улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење се:

– поправки на коловозот, тротоарот и другите елементи на патот;

– чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, засеци, чистење и уредување на одводите на патот, риголи, берми, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови и други објекти на патот;

– работи на одржување на електрични инсталации - замена на дотраени светилки на раскрсници и друго осветлување на патот;

– одржување на прегледност на локалните патишта и улици особено на места на вкрстосување;

– косење на трева, уредување и одржување на зелени површини и насади во патниот појас;

– чистење снег и мраз од коловозот, посипување со сол или абразивни средства на коловозот, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот;

– чистење, поставување, замена и поправка на хоризонталната и вертикалната сигнализација на патот, на оградите и заштитната мрежа на патот и на другата опрема на патот.

Работите во врска со редовното одржување на локалните патишта и улици, уличната сообраќајна сигнализација и другите инфраструктурни објекти од локално значење се вршат врз основа на годишни програми донесени од Советот на општина Битола.

### Член 52

Снегот од јавните сообраќајни површини се отстранува - чисти најкасно 6 часа од почетокот на врнежите.

Мразот од јавните сообраќајни површини се отстранува по создавањето.

Начинот и другите услови за отстранување на снегот и мразот се утврдува со Програма донесена од Советот на општина Битола.

Снегот и мразот кој се наоѓа на покривите на објектите кои се наоѓаат покрај јавните сообраќајни површини се отстранува од страна на сопствениците или корисниците кога постои можност да паднат или да се откинат и да ја загрозат сигурноста на сообраќајот.

**Член 53**

Физичките или правните лица кои ја извршуваат Програмата за отстранување на снегот и мразот се должни, секојдневно да ја известуваат општина Битола за состојбата на јавните сообраќајни површини и за мерките што се преземени за извршување на Програмата.

**Член 54**

За отстранување на снегот и мразот од јавните површини, пред деловните објекти, пазарите на мало, спортските објекти и слични простори се грижат правните или физичките лица кои управуваат со тие површини, односно кои извршуваат деловна дејност.

**Член 55**

За отстранување на снегот и мразот од тротоарите пред објектите за индивидуално и колективно домување и другите објекти одговорни се сопствениците, односно корисниците на објектите.

**Член 56**

Давателот на услугата кој врши врши чистење на снег и мраз е должен да ги одржува чисти и тротоарите и плоштадите, да прави пешачки патеки, а по потреба и машинско и рачно посипување на сол.

## 9. Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги

**Член 57**

На гробиштата може да се одржуваат само собири кои се во врска со погребот или со вообичаените помени, како и посети на гробиштата.

**Член 58**

За уредување и одржување на гробиштата се грижи управителот на гробиштата, а за уредувањето на гробните места се грижат носителите на гробните места.

**Член 59**

Вршењето на верските обреди на гробиштата е слободно секој ден.

Граѓаните и носителите на гробните места се должни да се придржуваат на редот и работното време за одржување на гробиштата и да се однесуваат онака како што одговара на местото и должното почитување кон починатите.

**Член 60**

На гробиштата не се дозволува:

– викање и на друг начин нарушување на мирот во гробиштата;

– носење на кучиња и други животни;

– пасење на стока;

– неовластено косење на трева;

– оштетување на гробовите;

– оштетување на надгробните споменици и знаци;

– оштетување на клупите и останатите објекти;

– оштетување на оградата на гробиштата;

– собирање на прехранбени и други производи од гробовите оставени од блиските на починатите и

– поставување на непристојни натписи или било какви реклами.

Забранети се натписи со кои се навредува било чија националност и верска припадност или со кој се навредува почитувањето на починатиот.

## 10. Одржување на јавно осветлување

**Член 61**

Под одржување на јавното осветлување се подразбира одржувањето на уличното осветлување во исправна состојба и тоа одржување на објектите и инсталациите, редовна замена на светлечките тела (сијалици и арматури), чистење и боење на електричните столбови и други активности во функција на одржување на јавното осветлување.

**Член 62**

Јавните сообраќајни површини, пешачките и другите главни патишта на јавните зелени површини мораат да имаат јавно осветлување.

Светлосните тела треба да бидат функционални и естетски обликувани.

Јавното осветлување треба редовно да се одржува во состојба на функционална исправност.

Јавното осветлување треба да биде во употреба за време на целиот ноќен период.

**Член 63**

За одржување на јавното осветлување Советот на општина Битола донесува Годишна програма за одржување на јавното осветлување на Општината во која се утврдува динамиката и обемот на одржувањето, како и потребните средства за одржување на јавното осветлување, претпоставениот број на корисници, очекуваната висина на прибрана комунална такса за јавно осветлување и потрошувачка на електрична енергија.

**Член 64**

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување забрането е:

– оштетување и уништување на светлосните тела и светлосните столбови;

– поставување огласи, известување, реклами и слично, освен со одобрение на надлежен орган на општината.

**11. Прекоп на јавни површини и одржување и користење на јавен простор за паркирање**

**Член 65**

Кога при изведување на приклучок или отстранување на дефект на подземни или надземни јавни инсталации и други комунални уреди и објекти е неопходен прекоп на јавни површини, давателот на улугата до кого е доставено барањето за приклучок , е должен претходно да прибави одобрение за прекоп од надлежниот орган на Општината, при што прекопот треба да биде завршен, а јавната површина вратена во првобитна состојба во рокот определен во одобрението.

Кога поради поставување или замена на подземни или надземни инсталации и други комунални уреди и објекти е неопходен прекоп на јавни површини, давателот на услуга за чии потреби се врши прекоп на јавната површина е должен претходно да прибави Дозвола согласно Законот за јавните патишта.

Прекопот на јавните површини и враќањето на јавните површини во првобитна состојба ќе го врши економскиот оператор избран во постапка за доделување на договор за јавна набавка од страна на Општина Битола, на товар на давателот на услуга до кого е доставено барањето за приклучок, и истиот е должен да склучи договор со економскиот оператор со кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски.

Доколку е неопходно итно отстранување на дефект на јавната инсталација, давателот на услугата кој е одговорен за санирање на дефектот сам ќе изврши прекоп на јавната површина, ќе го санира дефектот, а економскиот оператор од претходниот став ќе го врати во првобитна состојба прекопот, без да биде прибавено одобрение за прекоп од ставот (1) на овој член, при што за извршеното раскопување во рок од 24 часа писмено го известува надлежниот орган на општината.

**Член 66**

Прекопи на јавните површини можат да се вршат од 15 Март до 15 Ноември во годината.

Надлежниот Општински орган може да издаде дозвола за прекоп и надвор од рокот утврден во претходниот став на овој член, доколку се добие согласност од Комисијата за јавни комунални дејности при Советот на Општина Битола.

**Член 67**

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот за паркирање и објектите во него и давање на соодветни услуги како и утврдувањето на начинот на неговото користење.

Јавните паркиралишта треба да се одржуваат чисти и уредни.

На јавните паркиралишта забрането е да се врши било каква трговска дејност, да се врши утовар и истовар на стока и други работи што не се во согласност со намената на јавниот простор за паркирање.

## 12. Одржување и користење на пазари

**Член 68**

Под одржување и користење на пазари се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот на објектите изградени за давање услуги на трговија на мало.

Трговија на мало е продавање на стоки на крајните потрошувачи.

Како трговија на стоки на крајните потрошувачи се смета трговијата на стоки за лична потрошувачка и трговија на стоки за потребите на домаќинствата.

**Член 69**

Одржувањето и користењето на пазарите го врши давателот на услугата.

Давателот на услугата е должен пазарите секојдневно да ги чисти и одржува уредни и во хигиенска состојба, а во зимскиот период да го чисти и снегот и мразот.

**Член 70**

На пазарите мора да има доволен број типизирани контејнери за отпад, поставени на соодветни места.

**Член 71**

Давателот на услуга е должен да утврди и истакне пазарен ред и да се придржува на пазарниот ред и работното време, со тоа што го контролира дотурот на стока на пазарот така што истиот не претставува пречка за крајните потрошувачи.

Пазарните површини треба да бидат изградени од асфалт или бетонска подлога, со рамна или мазна површина, погодни за чистење и миење, со доволен број сливници, исправна канализациона мрежа, доволно количество на здрава и исправна вода за пиење и санитарен јазол, односно посебни простории за лица од машки и женски пол.

Производите што се продаваат на земјоделските пазари мора да бидат сместени на тезги кои се во исправна хигиенска состојба.

**Член 72**

На сточните пазари може да се изложат за трговија само жив крупен и ситен добиток, како и перјаста живина, а на зелените земјоделски пазари само земјоделски производи.

## 13. Вршење на оџачарски услуги

**Член 73**

Сопственик, односно корисник на објект кој ги користи уредите за спроведување на чад и опремата за ложење во текот на грејната сезона, е должен да побара оџачарска услуга кога уредите за спроведување на чад и опремата за ложење не може да ги доведе во исправна состојба самиот.

**Член 74**

Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење и контрола на уредите за спроведување на чад и опремата за ложење.

**Член 75**

Сопствениците и корисниците на објекти кои сами ги чистат и контролираат уредите за спроведување на чад и опремата за ложење, и корисниците на оџачарски услуги се должни да извршат чистење на оџаците најмалку еднаш годишно доколку истите ги користат во грејната сезона.

Чистењето на оџаците вообичаено се врши пред почетокот на грејната сезона и тоа во месеците септември и октомври.

**Член 76**

На барање на корисник на услуга, давателот на услугата е должен да изврши чистење и контрола на уредите за спроведување на чад и опремата за ложење.

Станарите во објектите за колективно домување се должни на лицето кое врши оџачарски услуги непречено да му овозможат чистење на оџаците ако за истото бидат писмено известени од страна на давателот на услугата и тоа во рок од најмалку 5 дена пред отпочнувањето на чистењето.

Висината на цената на оџачарските услуги се утврдува со одлука на Советот на општината по предлог на давателот на услугата.

## 14. Одржување на комунални уреди

**Член 77**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема.

**Член 78**

На плоштадите и поголемите крстосници можат да се поставaт јавни часовници кои мораат да бидат исправни.

**Член 79**

За уредување и одржување на комуналните уреди и објекти како што се: фонтани, водоскоци, чешми и други слични украсни комунални уреди ќе се грижи давателот на услугата на кого му е доверено извршувањето на работите на водоснабдувањето.

**Член 80**

Јавните телефонски говорници можат да се поставaт на места каде што граѓаните се собираат или задржуваат, како што се плоштади, пазаришта, стоковни куќи, болници, автобуски станици и слични места.

Јавните телефонски говорници и поштенските сандачиња ги поставува и одржува правното лице кое извршува телекомуникациска дејност.

**Член 81**

Заради функционалноста на намената на комуналните уреди забрането е:

1. Миење и перење од физички лица на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
2. Напојување на животни на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
3. Кршење на уредите и опремата;
4. Пишување на натписи, шарање или цртање на истите;
5. Фрлање и оставање на комунален отпад на истите;
6. Загадување на водата во фонтаните;
7. Поливање со било какви течности на комуналните уреди.

## 15. Отстранување и чување на непрописно паркирани возила и хаварисани возила

**Член 82**

Хаварисани, односно оштетени возила се оние возила кои поради настаната хаварија или дотраеност не се во состојба да се движат со силата на сопствениот мотор.

Непрописно паркирано возило е она возило кое е паркирано на јавните површини спротивно на важечките прописи.

**Член 83**

Под отстранување и чување на непрописно паркирани возила и хаварисани возила во смисла на оваа Одлука се подразбира начинот и постапката за отстранување на оштетени, неисправни, неправилно или непрописно паркирани возила од јавните површини на подрачјето на општина Битола.

**Член 84**

Под отстранување и чување на возила во смисла на оваа Одлука се подразбира нивно подигање и транспортирање со специјални возила за таа намена и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за нивно чување.

Отстранувањето на возилата од јавните површини го врши овластениот субјект, а по налог на овластено лице.

**Член 85**

За отстранување на хаварисано возило комуналниот инспектор на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на возилото ќе му издаде решение со кое ќе му наложи отстранување на возилото во рок од 5 до 10 дена од денот на врачувањето на решението.

Доколку не може да се идентификува и пронајде сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, комуналниот инспектор ќе залепи налепница со која ќе го информира сопственикот да го отстрани возилото во рок од 5 до 10 дена.

Доколку сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото не го отстрани сам возилото во рокот утврден во ставовите 1 и 2 на овој член, надлежните инспекциски органи изготвуваат записник и издаваат наредба за отстранување на возилото до овластениот субјект за отстранување.

Во записникот треба да се содржат најмалку следните податоци:

– тип, марка и регистарски број на возилото;

– состојба на возилото;

– кус опис на оштетувањето доколку возилото е оштетено.

Овластениот субјект по издадената наредба од страна на овластените службени лица е должен веднаш да отпочне со отстранување на возилото во нивно присуство.

**Член 86**

Овластеното правно лице е должно отстранетите возила да ги смести на посебно обезбеден простор наменет за нивно чување и да ги чува до нивното предавање на сопственикот односно на носителот на правото на користење на возилото.

Чувањето на возилото не може да трае подолго од 30 дена.

**Член 87**

При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и својот идентитет.

Примопредавањето од претходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.

По исклучок примопредавањето на возилото што се отстранува може да се изврши и на самото место од каде се отстранува, додека возилото не е поставено на платформата на специјалното возило.

**Член 88**

Примопредавањето на отстранетото возило се врши по наплатата на трошоците за отстранување, односно со приложен документ за наплатени трошоци.

**Член 89**

Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на непрописно паркираните возила и хавариса-ните возила ги утврдува Советот на општината со посебна Одлука.

## 16. Уловување, згрижување и ерадикација на животните - скитници

**Член 90**

Под уловување, згрижување и ерадикација на животни скитници во смисла на оваа Одлука се подразбира хумано решавање на проблемот со животните - скитници и тоа: собирање, привремено згрижување, стерилизирање, вакцинирање, дехелментизација на здравите и еутаназија на болните кучиња и мачки скитници со цел за зачувување на здравјето на населението и отстранување на изворите на заразните заболувања, како и смалување на можноста од нивно пренесување, спречување на евентуални економски штети и унапредување на хигиенските услови на живот.

**Член 91**

Уловувањето, згрижувањето и ерадикацијата на животните скитници општината ја доверува на јавно претпријатие основано од страна на општината за вршење на комунални дејности или правно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста.

## 17. Украсување на населените места

**Член 92**

Под украсување на подрачјето на град Битола и на населените места на подрачјето на општина Битола се подразбира украсување на надворешните делови на зградите, излозите и јавното осветлување за време на посебни прилики на свечености и празници.

**Член 93**

Дворовите, градините и другите слични површини пред зградите и неизграденото градежно земјиште покрај јавните површини, сопственикот, односно корисниците треба да ги одржуваат уредно и на нив по

правило да засадат цвеќе или украсни билки.

**Член 94**

За време на новогодишните и божиќните празници потребно е излозите на продавниците и другите деловни објекти од страна на сопствениците или корисниците да бидат свечено украсени.

За време на новогодишните и божиќните празници и во посебни прилики на свечености, плоштадите и потесниот реон на централното градско подрачје потребно е да бидат свечено украсени и јавното осветлување да биде дополнето со свечени украсни светлосни елементи.

## 18. Одржување на јавни санитарни јазли

**Член 95**

Јавните санитарни јазли ги одржува јавното претријатие за комунални дејности основано од Општината или друго правно или физичко лице овластено од страна на Општината.

Јавните санитарни јазли мораат да бидат опремени со соодветна санитарна опрема и субјектите од став 1 на овој член должни се истите да ги одржуваат во чиста и исправна состојба, редовно да ги одржуваат и дезинфицираат.

**Член 96**

Јавните санитарни јазли мораат да бидат изградени според пропишаните санитарно - хигиенски услови, односно да се изградени од тврд материјал, поврзани со канализација и водовод.

**Член 97**

За користење на јавните санитарни јазли може да се наплатува соодветен надоместок, кој на предлог на давателот на услугата ќе го утврди Советот на општината.

**Член 98**

Забрането е оштетување на санитарната и друга опрема во јавните санитарни јазли.

## 19. Аерозапрашување, дезинфекција, дезинсекција и дератизација

**Член 99**

Со аерозапрашување (аеросолна дезинсекција) се уништуваат штетни инсекти (муви, комарци и слично).

Со дезинсекција се уништуваат инсекти, кои не можат да се уништат со аерозапрашување.

Со дезинфекција се уништуваат штетни бактерии.

Со дератизација се уништуваат глувци и стаорци.

**Член 100**

Целта на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата е зачувување на здравјето на граѓаните, отстранување на изворите на заразни заболувања и намалување на можностите за пренесување на зарази.

**Член 101**

Советот на општина Битола донесува годишна програма за аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација.

Програмата од претходниот став на овој член го содржи начинот на вршење на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата, периодот на вршење на овие активности и потребните средства, како и начинот на финансирање.

**Член 102**

Вршењето на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата општина Битола може да го довери на овластен субјект специјализиран за вршење на горенаведените дејности.

Општината навремено преку средствата за јавно информирање е должна да ги извести граѓаните за времето и начинот на спроведувањето на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата и за мерките за заштита што треба да ги преземат.

## 20. Отстранување и чување на ситна и крупна стока, живина и пчелни семејства во урбани средини

**Член 103**

На подрачјето на град Битола, во границите на градежниот опфат се забранува чувањето на секаков вид ситна и крупна стока, перјаста живина и пчелни семејства. Заради безбедноста на граѓаните пчелните семејства не смеат да се постават на помалку од 500 метри оддалеченост од градежниот опфат.

Во населените места на подрачјето на општината може да се чува добиток, пчелни семејства и живина на начин пропишан со посебните прописи за санитарно-здравствена и хигиенска заштита.

Забрането е колење на ситна и крупна стока и живина на јавните површини.

Се забранува задржување, напасување и хранење на ситна и крупна стока и живина на јавните површини.

**Член 104**

Носењето на добиток во градот може да се врши до сточниот Пазар и обратно во специјални корпи на начин на кој не се загрозува безбедноста во сообраќајот.

**Член 105**

Во градежниот опфат на град Битола чување на гулаби е дозволено само во дворните места на објектите за индивидуално домување.

Гулабарникот треба да биде изграден од погоден материјал со бетонски под, поврзан со канализациониот систем и истиот постојано да се одржува во хигиенска состојба.

Чувањето и одгледувањето на гулаби не смее да го попречува нормалното живеење на соседите.

До колку гулабите го попречуваат нормалното живеење на соседите на било кој начин надлежните инспекциски органи можат да наредат преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби.

**Член 106**

Во градежниот опфат на град Битола во кругот на едно домаќинство може да се чуваат до две кучиња под услов истите да бидат регистрирани во надлежната ветеринарна институција и редовно вакцинирани.

Сопствениците на кучиња се должни своите кучиња да ги држат во сопствените дворни места.

Кучето може да се изведе надвор од дворното место само со кошница на устата и врзано со каиш.

Сопственикот на кучињата е должен сместувањето и чувањето на кучињата да го уреди на начин што нема да пречи на мирот и спокојството на соседите.

Не е дозволено чување на кучиња кои постојано лаат и завиваат.

Не е дозволено чување на кучиња во згради и во нивните дворови, освен чување на кучиња со педигре за кои сопственикот има прибавено писмено одобрение од управителот или претседателот на куќниот совет на објектот за колективно домување.

Фармите можат да бидат изградени на оддалеченост не помала од 500 метри од градежниот опфат на градот.

**Член 107**

Не е дозволено чување и складирање на слама, во бали или во стогови како храна за добиток, во градежниот опфат на градот.

## 21. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни површини

**Член 108**

Истоварот, сечењето, цепењето, складирањето на огревното дрво и јагленот треба да се врши во дворните места на станбените и деловните објекти.

Во исклучителни случаи тоа може да се прави и на јавни површини, но при тоа не смее да се попречува нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот и протекот на атмосферските води и со претходно добиено одобрение од надлежниот орган на општината.

Дрвата, јагленот и сличен материјал мораат да се отстранат од јавните површини најкасно во рок кој ќе го определи надлежниот орган на општината, а после тоа јавната површина мора да се доведе во првобитната состојба.

Се забранува чување на дрва, јаглен и друг сличен материјал на јавните површини.

## 22. Комунален ред во населените места на подрачјето на општина Битола

### Член 109

Во населените места на подрачјето на општина Битола во кои не е изградена канализација за отпадни води, фекалните води се испуштаат задолжително во септички јами.

Септичките јами треба да се армирано бетонски од сите страни така што отпадните води и фекалиите не можат да дојдат во контакт со почвата и подземните води, а од горната страна треба да бидат покриени со бетон и добро заштитени.

Септичките јами треба да бидат оддалечени од станбените и деловните простории, односно објектите на соседите и водоснабдителните објекти на оддалеченост согласно прописите за проектирање.

Септичките јами треба редовно и хигиенски да се одржуваат.

Септичките јами не смеат да се празнат на јавни површини, ниту во отворени канали за истек на атмосферски води, туку истото се врши со специјално конструирано возило за таа намена.

Чистењето на септичките јами и полските WC-а треба да го врши јавното претпријатие за комунални дејности основано од општината или правно или физичко лице овластено од општината со специјални возила – цистерни, при што претходно се обезбедуваат санитарно - хигиенски мерки, а по извршеното чистење мора да се изврши дезинфекција на теренот околу септичката јама или полското WC.

### Член 110

Во населените места на подрачјето на општина Битола во кои не е изградена канализациона и водоводна мрежа сопствениците и корисниците треба да имаат изградено санитарно - хигиенски WC-а.

WC-ата можат да бидат изградени во дворните места на растојание од соседите согласно прописите за проектирање, да бидат изградени според пропишаните санитарно- хигиенски услови и истите редовно да се одржуваат чисти, да се варосуваат и дезинфицираат.

### Член 111

Чувањето на крупна и ситна стока и живина во населените места е дозволено само во посебно изградени санитарно - хигиенски објекти во сопствените дворови кои треба да бидат оддалечени од станбените објекти на соседите согласно прописите за проектирање и да бидат преземени сите санитарно-хигиенски и здравствени мерки.

Пчелните семејства треба да бидат поставени на оддалеченост од најмалку 500 метри од населеното место.

### Член 112

Шталскиот отпад треба да се собира во ограден и покриен простор, на оддалеченост од соседите која оневозможува ширење на непријатен мирис или протекување на течности.

## IV. МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛЕН РЕД

### Член 113

Мерките за спроведување на комуналниот ред се утврдуваат со предвидените посебни програми во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Програмите од став 1 на овој член ги донесува Советот на општина Битола.

## V.НАДЗОР

### Член 114

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат овластените општински комунални инспектори и комунални редари.

Надлежните општински инспектори вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината, над физичките и правните лица на кои општина Битола им дала дозвола за вршење на комунална дејност, над законитоста во работењето на субјектите во комуналните дејности на подрачјето на општината како даватели на комуналните услуги и над

правните и физичките лица како корисници на комуналните услуги согласно одредбите на оваа Одлука.

**Член 115**

За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, надлежните општински инспекциски органи се должни да состават записник и да го достават на физичкото и правното лице каде што вршеле инспекција.

**Член 116**

Надлежните општински инспектори по извршениот инспекциски надзор доколку констатираат неправилности донесуваат решение.

Со решението се наредува на физичките и правните лица преземање на дејствија со цел одржување на комуналниот ред согласно одредбите на оваа Одлука.

**Член 117**

Жалба против решението од член 116 може да се поднесе во рок од осум дена до комисијата формирана од градоначалникот на општина Битола.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 118**

Физичките и правните лица се должни на надлежните општински инспекции да им овозможат непречено извршување на надзорот, пристап до просториите, објектите, земјиштето, апаратите и уредите, како и да дадат лични податоци и да пружаат други потребни известувања за предметот на надзорот.

**Член 119**

Ако надлежните општински инспектори во својата работа бидат попречени од субјектите на надзорот, можат да побараат помош од надлежните полициски органи.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 120**

За непочитување на ова Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби:

– Комунална дејност: **Снабдување со вода за пиење** - прекршочните одредби од Законот за Снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

– Комунална дејност: **Одведување и пречистување на отпадни води и Одведување и испуштање на атмосферски води** - прекршочните одредби од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

– Комунална дејност: **Обработка и депонирање на комунален отпад** - прекршочните одредби од Законот за Управување со отпад.

– Комунална дејност: **Одржување на гробови, гробишта и давање погребални услуги** - прекршочните одредби од Законот за гробишта и погребални услуги.

– Комунална дејност: **Одржување на јавна чистота** - прекршочните одредби од Законот за Јавната чистота.

**Член 121**

За останатите комунални дејности од Одлуката се применуваат прекршочните одредби предвидени во член 43 од Законот за Комуналните дејности.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 122**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за комунален ред (Сл. гласник на Општина Битола број 09/1999 и 15/2010).

**Член 123**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-31/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршувањe на задачите на општинската администрација на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ 5/02) и член 72 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“бр. 10/05) Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.11.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот, и начинот на извршувањe на задачите на општинската администрација на општината Битола бр. 07-364/3 од 25.02.2008 г. („Службен гласник на Општината Битола„ бр. 4/08), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот, и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината Битола бр.07-2611/4 од 27.08.2008 („Службен гласник на Општината Битола„ бр. 14/08) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината Битола бр.07-478/25 од 16.03.2010 („Службен гласник на Општината Битола„ бр.13 /10), и тоа во членот 8 став 1 т. 4 називот „Секторот за економски развој и јавни дејности„ се менува и гласи:

„4. Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија „

Во составот на секторот после точката „б„ се додава нова точка „в“ која гласи

„в. Одделение за Информатичка технологија“

### Член 2

Во член 19 називот „4. Сектор за економски развој и јавни дејности„ се менува и гласи:

„4. Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија“.

### Член 3

Во членот 20, „4.А. Одделение за економски развој„ зборовите:

„развој на информатичка технологија во општината,

– контрола, одржување и надополнување на компјутерско комуникациска инфраструктура, хардверски и софтверски подсистем,

– изработка на бази на податоци за потребите на Општината,

– компјутерска изработка на „Општински информатор“,

– корисничка подршка, компјутерско архивирање и зачувување на документи,

– креирање на заеднички информатички систем со јавните претпријатија,

– подршка, надополнување и контрола на веб страната на општината,“

се бришат.

### Член 4

После членот 21 се додава нов член 21а кој гласи:

„Член 21а

4.В. Одделение за информатичка технологија

Ги врши следните работи кои се однесуваат на:

– се грижи за развој на информатичката технологија и нејзиното вклучување во функционирањето на општината;

– следење и примена на законските и подзаконските прописи кои ја регулираат оваа област

– подготвка на предлог-планови за работа на одделениото;

– подговотка на извештаи за реализацијата на програмата за работа на одделението;

– предлагање политики по клучни прашања од областа на информатичките и комуникациските технологии;

– поднесување иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од областа на информатичките и коминикациските технологии;

– координирање на националните и локалните политики и стратегии од областа на информатичките и комуникациските технологии;

– предлагање мерки за подобрување на функционалностите и безбедноста на информатичко–комуникацискиот систем;

– давање стручно мислење за изготвување на актите од областа на информатичко–комуникациската технологија;

– директна соработка со другите раководители на одделенија и раководители на сектори за прашања од областа на информатичките и комуникациските технологии

– одржување на оперативните систем

– одржување на системите на управување со базите на податоци

– одржување на апликативниот софтвер

– одржување на компјутерска мрежа

– одржување на мрежни сервиси (веб страна, VPN - врски итн.)

– спроведува мерки за безбедност и заштита на информативниот систем во општината;

– дава помош на корисниците на информатичкиот систем;

– врши надзор над постоечката информатичка опрема и дава препорака за потребна замена или надоградба на истата;

– врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност".

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила 8 миот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола", а ќе се применува по добиената писмена согласност од страна на Агенцијата за администрација.

Бр. 07-31/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие „Комуналец" Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие „Комуналец" Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-2064/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ" бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на

Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие „Комуналец“ Битола бр. 02-597/5 од 12.10.2012 година донесена на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие одржана на 12.10.2012 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката Ценовник за користење на спортските сали во основните и средните училишта на подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката Ценовник за користење на спортските сали во основните и средните училишта на подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 29.11.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-2064/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.12.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.11.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## Ценовник за користење на спортските сали во основните и средните училишта на подрачјето на Општината Битола

**Член 1**

Советот на Општина Битола за надоместок за користење на спортските сали во основните и средните училишта на подрачјето на Општината Битола ги донесува следните цени:

| ред. бр. | Вид на спортска активност | термини во часови | цена по термин |
|---|---|---|---|
| | **Спортска сала** | | |
| 1 | Тренинг сала | 1,5 ( еден и пол) час | 550 денари |
| 2 | Официјални и пријателски натпревари (кошарка, ракомет, одбојка, футсал) на клубско ниво | | |
| | национално првенство | | |
| | натпревари од I лига | 3 (три) часа | 3000 денари |
| | натпревари од II лига | 3 (три) часа | 1800 денари |
| | меѓународни натпревари | 3 (три) часа | 6000 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Официјални и пријателски натпревари (кошарка, ракомет, одбојка, футсал) на репрезентативно ниво | 3 (три) часа | 30000 денари |
| 4 | Други спортови (карате, кикбокс, бокс, џудо и борење) | | |
| | спортски натпревари од домашен карактер | 1 (еден) час | 500 денари |
| | спортски натпревари од меѓународен карактер | 1 (еден) час | 1000 денари |
| 5 | Рекреација | 1 (еден) час | 650 денари |
| 6 | Одржување на школски олимпијади и други спортски натпреварувања за деца и младинци | | |
| | спортски натпревари од домашен карактер | 1 (еден) ден | 10000 денари |
| | спортски натпревари од меѓународен карактер | 1 (еден) ден | 20000 денари |

Цените важат од 10:00 до 16:00 часот. Од 16:00 до 23:00 часот цените се зголемуваат за 50%.

За затоплување на салата се доплаќа плус 20% од цената.

За користење на санитарна топла вода се доплаќа плус 15 денари по лице.

Редовна цена се формира кога на основната цена ќе се земат во предвид и претходните три позиции.

Тренинзи и натпревари за младински категории изнесуваат 50% помалку од редовната цена.

За училишта кои што имаат адаптирани објекти за спорт и спортски активности цената се намалува за 20% од редовната цена.

Сите барања за терминско користење на спортските сали најпрво ќе се доставуваат до Сектор за јавни дејности-Спорт.

Директорите на сите средни и основни училишта се задолжуваат да ги почитуваат утврдените цени во потпишувањето на договорите, да достават примерок од договорот до Сектор за Јавни дејности – Спорт, а средствата од потпишаните договори наменски да ги користат за одржување на спортските објекти и за опремување на училиштата со спортски реквизити во интерес на развој на спортот кај учениците и младината.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-31/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.11.2012 г. на Советот на Општината Битола
